# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ФИТОХЕМИЈА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЗОРИЦА АРСОВСКА-САРАФИНОВСКА, АСС. Д-Р ВИКТОРИЈА МАКСИМОВА И АСС. Д-Р МАРИЈА ДАРКОВСКА-СЕРАФИМОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-252/53 од 173. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 13.12.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
– проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија за „**ПРАКТИКУМ ПО ФИТОХЕМИЈА**" од **проф. д-р Зорица Арсовска-Сарафиновска, асс. д-р Викторија Максимова, асс. д-р Марија Дарковска-Серафимовска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на доставениот ракопис, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Предложениот ракопис од проф. д-р Зорица Арсовска-Сарафиновска, асс. д-р Викторија Максимова, асс. д-р Марија Дарковска-Серафимовска со наслов „Практикум по фитохемија" како учебно помагало за објавување во електронска форма во е-библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип е наменет за предметот Фитохемија, што се слуша во петтиот семестар на студиската програма Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со неделен фонд на часови од 2 + 2 + 1.

Ракописот поднесен за рецензирање од авторите проф. д-р Зорица Арсовска-Сарафиновска, асс. д-р Викторија Максимова, асс. д-р Марија Дарковска-Серафимовска е подготвен според Наставната програма и ја опфаќа наставната материја по предметот Фитохемија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има вкупно 43 страници (А4 формат, со големината на фонт Arial 11, *regular*, единечен проред) и, во однос на обемот, ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран практикум како учебно помагало во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Содржината на практикумот е поделена на 10 тематски единици (вежби), кои одговараат на посебни наставни единици од обласата на фитохемијата. Покрај текстот, ракописот содржи и 10 автентични слики. Сликите во овој практикум имаат за цел да ги прикажат хемиските структури и реакциите врз основа на кои може да се направи практична квалитативна и квантитативна анализа на одделни класи на соединенија.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој текст ќе има голем придонес во реализација на практичната настава по предметот Фитохемија, бидејќи студентите на студиската програма Фармација на Факултетот за медицински науки при УГД досега немаа достапно на располагање практикум на македонски јазик. Овој практикум ќе им послужи и како материјал во кој ќе ги внесуваат и резултатите од своите сопствени анализи како оригинални резултати кои студенти ги изведе за време на практичната настава и со кои

ги докажале хемиските особини на дадено соединение. При изработката на овој ракопис авторите консултирале релевантни научни извори, особено официјални фармакопејски монографии кои се однесуваат на современите приоди за екстракција, прочистување, квалитативна и квантитативна анализа на важни растителни биоактивни компоненти.

**Краток опис на содржината:** На почетокот на овој ракопис е дадена содржината на тематските единици (вежби), со што го олеснува следењето на понудениот материјал. Со кус предговор, авторите ги воведуваат студентите во основната содржина и цели на практикумот, а потоа следи детална разработка на одбрани поглавја од предметот Фитохемија. На крајот е дадена листа на референци или библиографија (користена литература). Содржината што е презентирана во практикумот е систематизирана во 10 вежби.

Во првата вежба се опишани основните постапки кои се користат при екстракција на активни принципи од растителните droги, нивните предности и недостатоци и правила за избор на метода за екстракција.

Во втората вежба се разработени јаглехидратите како примарни метаболити и реакциите преку кои се докажуваат и определуваат истите.

Третата вежба од практикумот се однесува на масти и масла, односно нивните физичко-хемиски карактеристики, и методи за нивно испитување и одредување на квалитетот на масти и масла.

Во четвртата и петтата вежба се опфатени принципите за квалитативно и квантитативно испитување на алкалоидите.

Шестата вежба се однесува на реакциите кои се користат за докажување на хетерозиди (цијаногени и сулфурни и др.) и принципите за нивно определување.

Седмата вежба се однесува на хемиските реакции со кои може да се изврши квалитативно определување на флавоноидите. Дополнително, тука се опфатени методите кои ги пропишува фармакопејата за нивно квантитативно одредување.

Осмата вежба се однесува на антраноидите, односно докажување и определување на антрахинонските хетерозиди преку нивните алгикони.

Деветтата вежба ги разработува танините и реакциите кои се користат при нивно докажување и определување.

Десеттата вежба е последната тематска целина од практикумот кој се однесува на терпенските соединенија кои се составен дел на етеричните масла. Начините за добивање на етерични масла и нивно испитување се прикажани во оваа вежба.

## ЗАКЛУЧОК

При презентирањето на единиците од практичниот дел на наставната програма од областа на фитохемија, авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните поглавја се елаборирани системски и прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја изведат и реализираат предвидената содржина од областа на фитохемија.

Од горнаведеното може да се заклучи дека ракописот со наслов „Практикум по фитохемија", проф. д-р Зорица Арсовска-Сарафиновска, асс. д-р Викторија Максимова, асс. д-р Марија Дарковска-Серафимовска ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран практикум. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронски практикум во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, с.р.**
**Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, с.р.**